**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

**До:** **г-ѓа. Слаѓана ДИМИШКОВА и г. Цветин ЧИЛИМАНОВ, членови на Привремената комисија за следење на медиумското претставување**

Бр. 03-6058/2

Скопје 02.12.2016г.

**Предмет:** Одговор на Барање

Почитувани,

Во Вашето Барање, испратено по електронска пошта на 28 ноември 2016 година, во врска со извештаите на Агенцијата, велите дека „јасно се гледа драстична разлика во методологијата т.е. начинот на претставување од медиум до медиум" поради што, како што тврдите немате „јасен увид особено во темите на дебатните емисии, но и на врамувањето на темите на информативните емисии". Барате „јасен увид за темите, прашањата кои ги третира новинарот, како и телопите на информативните и на дебатните емисии на телевизиите Телма, 24 Вести, Алсат-М и ТВ 21", а „податоците да бидат изложени во извештај и табела на ист начин на кој се изложени за телевизија Нова". Исто така, барате извештаите за кои „досега во записниците на Привремената Комисија биле внесени забелешки за можни прекршувања во балансираноста на нивното известување, да бидат со приближно иста должина, форма и деталност во разгледувањето, за да се избегне опасноста предлозите за поведување прекршочни постапки против одредени телевизии да произлегуваат од самата големина на извештајот на Програмскиот Сектор, додека за други телевизии, сличен вид на потенцијални прекршувања да поминуваат нерегистрирани".

Агенцијата е непријатно изненадена од Вашите забелешки и коментари кои доаѓаат дури по 80 дена од вашиот мандат, односно откако 8 пати одлучувавте за начинот на известување на медиумите, затоа што покажуваат непознавање на процесот на работа и на вашите обврски. Дополнително, ве потсетуваме дека на 28 ноември, вработена во Секторот за програмски работи на Агенцијата, присуствуваше на седницата на Комисијата, на која меѓу другото, прецизно одговори и на прашањата кои ги отворате во писмото.

Потенцираме дека нема разлика во примената на методологијата, ниту пак има каква било разлика во односот на аналитичарите кон медиумите. Извештаите се огледало на содржината на програмата на секој медиум поединечно. Во нив, под посебни заглавија се опишува како известува секој од медиумите во различните видови програми емитувани во текот на денот – во централната дневно-информативна емисија, во посебните информативни емисии, како и во другите програми, ако во нив се појавуваат теми и субјекти релевантни за оценката дали се почитуваат принципите за правичност, избалансираност и непристрасност.

Ве потсетуваме дека:

- На сите прилози во централното издание на вестите (освен на оние од светот, спортот и временската прогноза) им се прави и квантитативна и квалитативна анализа, а кои сè аспекти особено квалитативни се земаат предвид, детално е објаснето во Методологијата од 14 до 18 страна;

- Имајќи предвид дека во Изборниот законик е утврдена експлицитна одредба (член 196-ѕ) дека ниту еден медиум не може да се санкционира за изразување мислење и дека мислењето треба да се одвои од веста, во извештајот се прави разлика помеѓу прилози подготвени преку претежно информативни жанрови (вест, вест во низа, извештај, изјави) и прилози подготвени преку аналитички жанрови (коментар, осврт, анализа итн.);

- За прилозите со претежно информативни жанрови, за кои се очекува дека ќе бидат неутрални, без позитивни или негативни ставови за носителите на дејствата, во извештаите се дадени две табели со квантитативни податоци во кои е регистрирано колку време добил секој од субјектите присутен во вестите и колкав простор, односно време му е отстапено за директно обраќање до гледачите/слушателите (тонска изјава), затоа што таа обезбедува различен квалитет и ефект од прекажана изјава;

- Прилозите со претежно информативни жанрови се опишуваат во Извештајот доколку во нив има позитивни или негативни мислења на медиумите, односно не се почитува барањето за одвојување на вестите од коментарите или доколку самите прилози по својата содржина обезбедуваат позитивен или негативен контекст за некој од субјектите;

- Во Извештајот се регистрираат и сите прилози реализирани преку аналитички жанрови, со констатации за ставовите кон субјектите во вестите, а кадешто има потреба и со цитати за аргументација на констатациите за ставовите;

- Детално се регистрираат и сите посебни информативни емисии – дебати, интервјуа и други актуелно-информативни програми, со податоци за периодот кога се емитувани, темата, гостите, и доколку е потребно со констатации за однесувањето на новинарите кон гостите или пак со цитати од водителите на програмите или гостите, со цел Привремената комисија да може да извлече оценка за тоа дали медиумот обезбедил еднакви услови за пристап до своите програми на сите политички субјекти и дали имал еднаков третман кон нив;

- Се регистрира и емитувањето на сите други програми на медиумите, во кои се третираат теми релевантни за општествено политичката дебата во земјава или во кои се појавуваат политички субјекти без оглед дали темите се поврзани со општествената политичка дебата, со цел Привремената комисија да може да извлече оценка за тоа колку внимание медиумот му посветува на конкретен политички субјект или субјекти во својата вкупна програма и за тоа на кој начин ги третира (односно какви ставови презентира) за темите релевантни за дебатата во државата;

- Оценката дали медиумот известувал правично избалансирано и непристрасно, Привремената комисија треба да ја извлече врз основа на вкупно емитуваната програма во секој десетдневен период.

Доколку кај некој медиум биде констатирано дека се емитувани прилози во кои - за редовните активности на носителите на функциите на власта се известува во полза на некоја политичка партија, има и посебно заглавие - за член 75-б, каде таксативно се наведуваат тие прилози.

Бидејќи на седницата од 28 ноември, сами и кажавте на претставничката на Секторот за програмски работи дека не ги читате придружните табели за ТВ Нова, ќе сметаме дека е забуна барањето описите за посебните информативни емисии да бидат дадени како за ТВ Нова. Спротивното би значело дека не правите разлика меѓу вести и дневници, од една страна, и интервјуа, дебати, информативни програми, од друга страна – во што ние одбиваме да поверуваме. На седницата ви беше објаснето дека во петтиот извештаен период беше забележано дека ТВ Нова известува поинаку во Обсервер во 19 часот, отколку во другите изданија на вести, со што централното издание на вестите стана нерепрезентативно, односно не ја даваше вистинската слика за известувањето. Затоа кон извештајот почнавме да приложуваме табела во која ќе можете да ги споредите прилозите емитувани во трите изданија на вестите емитувани во ударното време. Дебатите, интервјуата и другите информативни емисии и кај ТВ Нова се опишани на истиот начин како кај другите телевизии што ги спомнувате – односно во посебно заглавие, разврстани по жанр и со истите податоци.

Оттаму, должината на секој од извештаите зависи од тоа какви се содржини емитува секој од медиумите во десетдневниот извештаен период и колкав простор е потребен за да и се обезбеди на Привремената комисија прецизна слика за известувањето на конкретниот медиум. Нема можности, на пример, извештаите да бидат со иста должина кај медиум што ќе емитува еден коментар во вестите, во текот на извештајниот период и кај медиум што ќе емитува десетина коментари. Или да бидат исти кај медиумите што емитуваат посебни информативни емисии или оние што не емитуваат.

Што се однесува до роковите во кои работите вие – и на ова, на седницата, ви беше прецизно одговорено дека и мониторингот работи во куси рокови и оние 18 извештаи што вие имате три дена да ги прочитате, вработените во Секторот за програмски работи треба да ги напишат во рок од шест дена, а претходно да ги проверат сите внесени податоци.

Иако, има обиди тоа поинаку да се прикаже, посочуваме дека извештаите на Агенцијата не содржат предлози за мерки, туку само опис на емитуваните содржини релевантни за донесување оценка за начинот на известување на радиодифузерите, која во согласност со Изборниот законик треба да ја донесе Привремената комисија, не само врз основа на извештаите од Агенцијата, туку и врз основа на сопствени анализи и согледувања, бидејќи членовите на Комисијата доаѓаат од или се поврзани со медиумската сфера, а пристап до снимките од програмите на медиумите имаат од првиот работен ден.

Уште еднаш ќе повториме, и натаму е кристално јасно дека Вашето барање за „увид во комуникацијата и работата на Секторот додека трае 10 дневниот период на набљудување" всушност е обид да создадете услови во кои ќе се обидете да влијаете врз начинот на спроведување на мониторингот и содржината на извештаите – токму како што се обидувате да сторите со низа изјави дадени по медиумите, со забелешките за нивната работа во издвоените мислења при одлучувањето, и со овој, најнов допис.

Исто така, не е јасно за какви „дисбалансирано подготвени извештаи" зборувате – улогата на извештаите е да обезбедат податоци за да се види дали има или нема квантитативен и квалитативен баланс во известувањето, особено во дневно-информативните емисии. Извештаите од мониторингот не

се есеи со однапред зададен број на редови, па во нив да се бара баланс на должината. Или можеби очекувате во име на ултимативното барање за „баланс на должината" аналитичарите да се откажат од професионалноста и почитувањето на стандардите и правилата на научно заснованите комуникациски истражувања и да даваат полу-описи – онолку колку што може да собере во бараната должина?!

Агенцијата не се меша во работата на Привремената комисија. Оттаму, пристојно е да не се обидувате должината на извештаите да ја користите како изговор дека вашата можност да учествувате во носењето одлуки е „крајно ограничена" и вашата одговорност за оценките за известувањето на радиодифузерите и за предлозите за изрекување мерки, да ја префрлате на Стручната служба на Агенцијата. Ваквото тврдење, кое по малку звучи и како уцена, го сфаќаме само како уште еден во низата обиди да се изврши притисок врз работата на Агенцијата.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

.............................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**